РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРОБИШТИП

| Примено: 24.03.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 24 | 379/1 | 1 | |

**До Општина Пробиштип**

# БАРАЊЕ
# ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Македонско здружение на млади правници, ул. „Донбас" бр. 14/1-6, 1000 Скопје, 02 3220 870, contact@myla.org.mk, лице за контакт Бојан Трпевски, btrpevski@myla.org.mk
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Александра Цветановска, претседателка на здружението, ул. „Донбас" бр. 14/1-6, 1000 Скопје, 02 3220 870, contact@myla.org.mk
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Доставете ни ги локалните акциони планови за животната средина кои општината ги донела согласно членот 60 став 2 од Законот за животната средина и кои важеле во периодот од 2016 година заклучно со 2023 година.
2. Доставете ни ги сите измени на локалните акциони планови за животна средина кои општината ги донела во периодот од 2016 година заклучно со 2023 година.
3. Доставете ни информација дали општината има формирано тело за следење на имплементирањето на локалниот акционен план за животна средина согласно членот 60 став 5 од Законот за животната средина. Доколку општината има формирано тело, доставете ни информација кога е формирано ваквото тело.
4. Доставете ни ги едногодишните извештаи за следење на спроведувањето на локалните акциони планови за животна средина кои општината ги доставила до Министерството за животна средина и просторно планирање во периодот од 2016 година заклучно со 2023 година.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил,** btrpevski@myla.org.mk
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Во Скопје, 21.03.2023 година**

**Потпис**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24-379/2
04.04 2023 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот **Македонско здружение за млади правници ул:„Донбас“бр.14/1-6, 1000 Скопје преку застапникот Александра Цветановска** поднесено на ден **24.03.2023 година**, имателот на информацијата **Општина Пробиштип** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од **Македонско здружение за млади правници ул:„Донбас“бр.14/1-6, 1000 Скопје преку застапникот Александра Цветановска** наш бр.24-379/1 од 24.03.2023 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

- Доставете ни ги локалните акциони планови за животната средина кои општината ги донела согласно членот 60 став 2 од Законот за животна средина и кои важеле во периодот од 2016 година заклучено со 2023 година;
- Доставете ни ги сите измени на локалните акциони планови за животна средина кои општината ги донела во периодот од 2016 годиа заклучно со 2023 година;
- Доставете ни информација дали општината има формирано тело за следење на имплементирањето на локалниот акционен план за животна средина согласно членот 60 став 5 од Законот за животна средина. Доколку општината има формирано тело, доставете ни информација кога е формирано ваквото тело;
- Доставете ни ги едногодишните извештаи за следење на спроведувањето на локалните акциони планови за животна средина кои општината ги доставила до Министерството за животна средина и просторно планирање во периодот од 2016 година заклучно со 2023 година.

Се УВАЖУВА

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од барателот **Македонско здружение за млади правници ул:„Донбас“бр.14/1-6, 1000 Скопје преку застапникот Александра Цветановска** имателот на информацијата **Општина Пробиштип** Ви ја доставува информацијата:

Во прилог:

- План за енергетска ефикасност и активности за 2023 година бр.26-1072/14 од 24.11.2022 година („Службен Гласник на општина Пробиштип бр.12/2022 од 27.11.2022 година);
- План и програма за управување со отпад 2011-2016 одобрен од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање;

- Програма за енергетска ефикасност на општина Пробиштип за периодот од 2011-2015 година;
- Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) на општина Пробиштип;
- Програма за управување со отпад на општина Пробиштип за 2023 година;

Извештајот за планот за управување со отпад и Извештајот за енергетска ефикасност за 2022 година ќе бидат разгледувани на наредна седница на Советот на општина Пробиштип, а Извештаите од претходните години се усвоени од Советот на општина Пробиштип и истите се навремено доставувани до Министерството за животна средина и просторно планирање и до Агенција за енергетика на РСМ. Општина Пробиштип нема формирано тело за следење на имплементирањето на локалниот акционен план за животна средина согласно членот 60 став 5 од Законот за животна средина, меѓутоа се планира за негово формирање.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Пробиштип на 04.04.2023 година, под бр.24-379/2**

По овластување на Градоначалникот на Општина Пробиштип
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Анкица Ѓеновска-Советник за правни работи и јавни набавки

____________________________

Јованка Данева-Раководител на одделение за правни и општи работи

____________________________

Градоначалник на општина Пробиштип
Драган Анастасов

____________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-379/3
04.04 2023 год.
ПРОБИШТИП

ПРОПРАТНО ПИСМО ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ОДГОВОР ПО БАРАЊЕ

Датум: **04.04.2023 година**
**ДО: Македонско здружение за млади правници ул:„Донбас"бр.14/1-6, 1000 Скопје преку застапникот Александра Цветановска**

ПРЕДМЕТ: Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации **Општина Пробиштип**

ВРСКА: 24-379/1 од 24.03.2023 година

Почитувани,
Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог ви се доставува Решение по бараната информација.

Со почит,
Анкица Ѓеновска, службено лице

Република Северна Македонија ОПШТИНА ПРОБИШТИП 2 ПРОБИШТИП